## Зошто вакцинација?

Лицата кои не се вакцинирани против мали сипаници се во ризик да заболат и да ја шират болеста на оние кои не можат да се вакцинираат заради одредени здравствени состојби или не ја достигнале возраста за вакцинација. **ЗАТОА,**

**ВАКЦИНАЦИЈАТА Е НАЈДОБАР НАЧИН ДА СЕ ЗАШТИТИТЕ СЕБЕСИ И ДРУГИТЕ!**

**Неколку факти:**

► Во периодот 2000-2015, вакцинацијата против мали сипаници предизвика пад на смртноста од оваа болест на глобално ниво за 79%!

► Во истиот 15-годишен период, вакцинацијата против мали сипаници спречи околу 20,3 милиони смртни случаи, што ја прави вакцината против мали сипаници една од најдобрите јавно-здравствени мерки!







Бидете сигурни дека Вашето дете е комплетно вакцинирано:

- Проверете во Картонот за вакцинација / Здравствената легитимација или побарајте помош од Вашиот матичен лекар!
- Доколку Вашето дете не е навремено вакцинирано согласно возраста, ВЕДНАШ однесете го во Службата за вакцинација за да биде вакцинирано!

**НАЈДОБАР НАЧИН ДА ГО ЗАШТИТИТЕ ВАШЕТО ДЕТЕ ОД МАЛИ СИПАНИЦИ Е ДА ГО ВАКЦИНИРАТЕ ПРОТИВ ОВАА БОЛЕСТ, БИДЕЈЌИ ВАКЦИНАЦИЈАТА Е ЕДИНСТВЕНА УСПЕШНА ПРЕВЕНТИВНА МЕРКА!**

**На глобално ниво, Светската здравствена организација ја постави целта за елиминација на малите сипаници до 2020 година!!!**

# МАЛИ СИПАНИЦИ И КАКО ДА СЕ ЗАШТИТИТЕ

Институт за јавно здравје



**ИНФОРМАЦИИ ЗА НАСЕЛЕНИЕ**

## Што се мали сипаници?

Малите сипаници (морбили) се едно од најзаразните вирусни заболувања, предизвикано од Morbilli virus.

**Кои се симптомите?**

Симптоми по кои болеста се препознава:

- висока температура над 39°Ц, ¨ малаксаност,
- главоболка,
- болка и гребење во грло,
- сува кашлица, течење од нос,
- црвени, отечени и насолзени очи и
- карактеристичен исип по кожа и слузокожа. Исипот почнува од главата (зад ушите, косматиот дел на главата, лицето, вратот), па се шири надолу по целото тело "како вода од туш", присутен е и на дланките и табаните. Исипот на слузокожата на усната празнина и мекото непце личи на расфрлени зрнца гриз, на црвената слузокожа.





## Како се пренесува болеста?

Вирусот се пренесува преку воздух, со ситните капки секрет кои при кашлање, кивање и зборување ги исфрлаат болните или заразени лица.



Извор на заразата е заболениот, 4 дена пред и 4 после појава на исипот. Вирусот се пренесува многу лесно од човек на човек , повеќе од 90% од лицата кои биле во контакт со болниот ќе заболат, доколку не се вакцинирани или не ја прележале болеста.



Вирусот преживува до 2 часа во надворешната средина, што дава можност за индиректно пренесување преку свежо загадени предмети, детски играчки, работни површини и сл.

## Можни компликации:

Најчести компликации се воспаление на средно уво, воспаление на дишните патишта и белите дробови, појава на слепило, воспаление на мозокот и мозочните обвивки, а можен е и смртен завршеток како исход на тешките компликации. Болеста најчесто се компилцира кај деца под 5-годишна возраст или кај возрасни над 20 години.

► Во 2015 година, од комликации на мали сипаници во светот умреле 134.200 лица на глобално ниво - околу 367 смртни случаи секој ден или 15 смртни случаи секој час!

► Проценката на СЗО во 1980 година, пред широкото распространување на вакцинацијата против мали сипаници, вели дека од оваа болест умирале околу 2,6 милиони деца во светот, секоја година!

### Како се лекуваат заболените?

Нема специфична терапија за мали сипаници. Лекувањето е симптоматско, а во случај на компликации се спроведуваат различни методи на лекување.

Лицата кои прележале мали сипаници се здобиваат со имунитет кој трае за време на целиот нивен живот.